**Година 2004, април,  број 27**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

МФС

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

Ректорската управа при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" на 31.03.2004 го усвои елаборатот за усогласување на студиите на МФ со Бољонската декларација и воведување кредит трансфер систем.  Истовремено управата го усвои и предлогот за конкурсот за учебната 2004/2005 година во кој Машинскиот Факултет влезе со новите студиски програми.

Се очекува завршување на акредитационата постапка и прифаќање на конкурсот од владата на РМ.

## НОВА WEB СТРАНА НА МФС

WEB страната на МФС  www.mf.ukim.edu.mk стартува со нов дизајн и содржини.

Сите коментари, дополнувања и мислења слободно пратете ги на e-mail: nikolat@.mf.ukim.edu.mk

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА

На 01.04.2004 во Министерството за Економија на РМ, Машинскиот факултет одржа презентација на Темпус Проектот со наслов "Центар за процена на опрема под притисок" чиј локален координатор е проф. д-р Тодор Аџиев. На состанокот присуствуваа околу 30 претставници од Министерствата за Економија, Екологија, Транспорт и врски, Образование и наука, Секторот за европски интеграции, Институтите за акредитација, стандардизација и метрологија, како и од поголемите стопански субјекти кои се инволвирани во областа на опрема под притисок.



На презентацијата главен акцент беше ставен на значењето на имплементацијата на европската регулатива за опрема под притисок во процесот на приближување на македонското кон европското законодавство, како и активностите кои ќе се реализираат во рамките на проектот во поглед на придонесот во процесот на транспозиција на директивите кои се однесуваат на опрема под притисок.

Покрај проф. д-р Тодор Аџиев и неговите соработници во проектот, со свои излагања настапија и главниот координатор на проектот проф. д-р Фриц Хартунг од Универзитетот во Трир, деканот на МФ проф. д-р Милан Ќосевски, координаторот на Темпус канцеларијата во Скопје г-ѓа Аспасија Хаџишче, директорот на Институтот за акредитација на РМ  Зоран Грков и г-ѓа Вера Пепелничка, Претседател на работна група за слободно движење на стоки од Министерството за Економија на РМ.

## МФС НА САЕМ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Во рамките на меѓународниот саем за енергетика кој се одржа од 6 до 10 април  учество зема и Машинскиот факултет. На нашиот штанд беа презентирани институтите, лаболаториите и активностите на факултетот.

## ИАЕСТЕ МАКЕДОНИЈА

Во рамките на овогодишниот план на активности на ИАЕСТЕ Македонија од 29.03.2004 до 05.04.2004 се одржа TWIN среда меѓу локаните комитети на ИАЕСТЕ Норвешка и ИАЕСТЕ Македонија. На средбата меѓу другото беа презентирани и проекти за студенти подржани од Норвешката влада во организација на Норвешката амбасада.

## ЕСТИЕМ АКТИВНОСТИ

1. Во периодот од 17 до 19 април, студенти по индустриско инженерство и менаџмент, од неколку земји од Европа (Финска, Шведска, Германија, Тур-ција, Шпанија, Португалија, Холандија, Србија) не посетија во Македонија. Вкупно 50 луге присуствуваа на пролетниот координативен состанок во Скопје и Охрид.

2. Четворица наши студенти од ИИМ учествуваа на генералното ЕСТИЕМ собрание, во Софија од 20 до 25 април. Нашиот студент Бојан Јованоски е избран за одговорен уредник за ЕСТИЕМ списанието, кое се дистрибуира во повеке од 70 универзитети низ цела Европа.

## ДОКТОРСКИ И МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

Асс. м-р Петар Симоновски, успешно ја одбрани својата докторска дисертација на ден 2.04.2004 година

Дипл.маш.инж. Горанчо Молошовски го одбрани својот магистерски труд на ден 26.03.2004 година

Дипл.маш.инж. Севде Петревска го одбрани својот магистерски труд на ден 16.04.2004 година

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Славе Јакимовски и асс. м-р Благој Данчев, на 29 и 30.03.2004 година реализираа службено патување во Крагуевац и Белград, СРЦГ.

Цел на патувањето е реализирање теренска настава со студентите од Машинскиот Факултет запишани на насока моторни возила. При тоа се посети фабриката за автомобили во Крагуевац, лаболатории на Машински факултет во Белград и саемот за автомобили.

2. Проф. д-р Јанко Јанчевски во период од 20 до 24.04.2004 година, оствари службено патување во Порторож, Р. Словенија, заради учество и презентација на научен труд на 2 Меѓународен симпозиум "From idea to the product". Проф. д-р Јанко Јанчевски е член на научниот совет на симпозиумот.

3. Доц. д-р Никола Тунески во период од 6 и 7.04.2004 година оствари студиски престој на Универзитетот во Белград, СРЦГ, заради реализирање на научен проект.

4. Асс. д-р Петар Симоновски, во период од 10 до 14.04.2004 година, оствари престој на Машинскиот Факултет во Белград, СРЦГ, заради продолжување на активностите за соработка.

5. Асс. д-р Ѓорѓи Аџиев ќе реализира службено патуваање во Германија во период од 25.04 до 2.05.2004 година со цел негово присуство на  годишниот состанокот  во рамки на Темпус проектот IB-JEP-16047-2001.

## ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ ЗА ИДНИТЕ СТУДЕНТИ НА МФС

На 26 и 27.03.2004 како и на ден 24.04.2004 МФ ги отвори вратите за идните студенти при што тие лично се запознаа со перспективите за студирање, опременоста и останатите можности кои ги нуди факултетот.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**29.04.2004**
**39 СЕДНИЦА НА  ННС**

**03.05.2004**
**НЕРАБОТЕН ДЕН ПО ПОВОД ДЕН НА ТРУДОТ**

**27.05.2004**
**40 СЕДНИЦА НА  ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*